ИНТЕРВЈУ: Д-Р ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ

# НАЈЛОШО ПОМИНУВААТ СИРОМАШНИТЕ ЗЕМЈИ

***Веројатно ќе биде неопходна поголема ангажираност околу пронаоѓање минимален простор за работа, односно основни средства за работа на Центарот за визуелни уметности.***

Д-р. Владимир Величковски е професор по современа светска и македонска историја на уметноста, а од неодамна и раководител на новиот Центар за визуелни уметности при Институтот за историја на уметност со археологија во Скопје. Повод за нашиот разговор е оформувањето на овој Центар.

***Од каде потекнува идејата за негово создавање?***

Идејата произлезе од секојдневната работа и честите разговори со дипломираните студенти и постдипломците на групата за современа уметност. Следеше поддршка од колегите што се изрази со начелна согласност за формирање на Центарот на состанокот на Институтот одржан на 23.10.2002 година. Овој Центар ќе функционира во рамките на Институтот за историја на уметноста со археологија, но притоа ќе ја задржи својата автономија во работата и остварувањето на своите цели и задачи. На тој начин Центарот и Институтот ќе се надополнуваат со продлабочување и проширување на научните сознанија, обезбедувајќи ја во исто време неопходната професионалност и одговорност во работата.

***Која е целта на Центарот за визуелни уметности, односно со која проблематика се занимава истиот?***

Центарот за визуелни уметности ќе работи на одделни проекти и теми кои треба да бидат од значење за развитокот на научната мисла и општата визуелна култура на средината. Основната задача се состои во истражувања и стручна обработка на материјалот, од што би требало да произлезат релевантни, научно засновани мислења и заклучоци.

Во рамките на Центарот ќе се проектираат одделенија за современа, византиска, античка, примитивна уметност, односно ќе се негува интердисциплинарниот и дијахрониското приод со вклучување на соработници од потребните или соодветни области - семиотика, социологија, психологија, антропологија и други. Тоа значи дека предмет на проучување ќе бидат различни дисциплини и уметнички области: сликарство, скулптура, таписерија, графика, фотографија, дизајн, стрип, видео, компјутерска уметност итн.



***Како моментно функционира овој Центар?***

И покрај нерешените просторни прашања, Центарот засега на алтернативен начин успешно функционира со 12 - 13 активни учесници во изработката на преводи од странска стручна литература, кои се однесуваат на прашања за методологија и историја на уметноста. За негова успешна работа неопходно е на почетокот да се создаде соодветен простор, којшто ќе функционира како библиотека што ќе содржи нови списанија и книги корисни за проучувањата, а воедно ќе служи и за создавање база на податоци.

**Импортот на вредности не е во спрега со експортот на уметнички вредности, а акцептирањето на туѓи идеи не резултира и не нè верификува како средина што дава и придонесува.**

За жал, јас до овој момент немам никаква информација, ниту заинтересираност од страна на надлежните за решавање на просторните или други прашања што се однесуваат на овој Центар. Како што кажав, овој предлог формално помина на катедрата за историја на уметноста со археологија. Затоа, веројатно ќе биде неопходна поголема ангажираност, моја и на студентите, околу пронаоѓање минимален простор за работа, односно основни средства за работа.

***Колку студиите им нудат можности на студентите за целосно стручно оформување?***

По моите студии во Скопје понесов чувство на недоволна подготвеност и сознание дека во голема мерка недостасува литература на македонски јазик. Денес, по четириипол години предавање модерна и современа уметност, можам да констатирам дека литература за македонската уметност постои - иако недоволно пречистена и систематизирана - додека што се однесува за светската уметност, се користат книги и каталози на странски јазици. Нашите студенти немаат можност да дојдат до вистинска литература, освен инцидентно или по некоја среќна случајност, ниту да патуваат за да ги запознаат вистинските вредности на изворот. Кај студентите се забележува изгубеност, кај некои незаинтересираност, но ретко вистинска љубов и посветеност на работата.

Верувам дека работите ќе се подобрат во извесна смисла заради следното: катедрата историја на уметноста веќе две години се осамостојува како посебна група, а во тек се преобразбите (новиот кредит трансфер систем) на методите и содржините што ќе треба да се



1334

применуваат во наставата (теорија, критика, историја на дизајнот итн.). Посебна улога во проширување и продлабочување на знаењата и вештините треба да оствари новоформираниот Центар за визуелни уметности.

***Повторно е актуелно учеството на Македонија на Венецискиото биенале. Вие бевте во комисијата за избор на уметник...***

И во случај кога се избира наш претставник на Венецискиото биенале, најлошо поминуваат сиромашните земји. Да се работи во Комисија, при недефинирани услови, значи да се работи непрофесионално. Доколку сме решиле да развиваме респектибилна „култура на учествување“, неопходни се неколку предуслови. Прво, треба да се обезбеди постојан изложувачки простор, што за нас сè уште претставува тешко остварлива работа. Потоа, би било најсоодветно да се определи еден селектор (или куратор) кој ќе ја следи уметничката практика во текот на цели две години и ќе предлага со полна независност и компетентност.

***Инаку, Вие сте ја објавиле својата прва критика во „Студентски збор“ пред точно 30 години. Колку е успешно формирањето и дејствувањето на ликовната критика кај нас?***

Нашата средина, од различни причини е неповолна за негување и развиток на вистинска уметничка критика и покрај тоа што некои, главно печатени медиуми прифаќаат надворешна соработка. Доколку се случи вистинска и отворена критика, тогаш треба да се очекуваат, веднаш или подоцна, разни непријатности. За среќа, постојат личности што

**И во случај кога се избира наш претставник на Венецискито биенале, најлошо поминуваат сиромашните земји.**

можат да ве охрабрат во вашата работа. Во нашата средина постојат неколку видови критичари: институционални (вработени во музеи и галерии), критичари „платеници“ (со поддршка на странски фондации итн.) и независни, кои се најретки. Критиката и теоријата во кои не се развива некој цврст метод, се развиваат како одделни лични определувања, не ретко како изолирани појави или поединечен ангажман кој не е детерминиран од некои општи текови. Импресионистичкиот приод беше заменет со теоретски непречистени и методолошки нефундирани приоди кои страдаат од општи места и книжевно-филозофски наслојки.

Историјата на уметноста и критиката во Македонија мора да ги



проживеат „детските болести“ на една млада култура. Станува збор за маргинализирани, изолирани области кои можеби имаат извесно влијание (дури и во ова време на општа збунетост) на вкусот и критериумите на средината, но никогаш на актуелните или клучните уметнички текови и појави.

***За професионалниот однос кон работата...***

Доколку за вас сè уште едно патување и купување книга или списание значи „двоење од уста“, тогаш нужно со горчина, но не и безнадежност во себе, се потсетувате дека професионалното занимавање искуствено значи да се биде богат - со простор, материјални и финансиски можности.

***Вие во моментов работите на книга посветена на уметничките групи во Македонија. Какви се условите и воопшто можностите за објавување на трудови од оваа проблематика кај нас?***

Во печат е дадена книгата „Ликовните групи во Македонија“, во издание на Музејот на современа уметност во Скопје. Тоа може да прозвучи неверојатно доколу се познава извесната затвореност и долго време монополизам што се однесува на издавање литература за уметноста на оваа институција. Инаку, правењето и издавањето книги кај нас подразбира низа потешкотии и неповолности, од апсурдноста на роковите до авторските хонорари кои, доколку ги добиете, имаат често симболична вредност. Кај нас, наспроти сè, не постои практика на преиздавање (како што се работи во светот), кога авторот ќе може да изврши корекции и дополни на својот труд. Затоа, најдраги ми се оние книги што сум ги направил по свој избор и афинитет и во малку поповолни услови отколку што е тоа вообичаено. Работата на монографии, во наши услови има две карактеристики: наоѓајќи се во близина на значајни уметници може да се научи многу, но во исто време таквата работа опфаќа низа оптоварувања. Уметниците и критичарите, всушност ги носат во себе истите фрустрации на една мала средина.

***Како историчар на уметноста и критичар кој редовно објавува, каков е Вашиот став кон актуелната ликовна уметничка сцена кај нас?***

Традицијата на преземање и преработка на туѓи обрасци во уметноста и теоријата продолжи во насока на наше поставување во директна функција на туѓи концепти и моќ на влијание како дел од процесот на глобализација. Меѓутоа, импортот

**Традицијата на преземање и преработка на туѓи обрасци во уметноста и теоријата продолжи во насока на наше поставување во директна функција на туѓи концепти и моќ на влијание како дел од процесот на глобализација.**

на вредности не е во спрега со експортот на уметнички вредности, а акцептирањето на туѓи идеи не резултира и не нè верификува како средина што дава и придонесува. Всушност, во нашата средина постои наметната уметност, главно со политички теми, но не и ангажирани уметници кои се вложуваат себеси во интерес на сопствената визија. Во нашата средина нема порадикални појави и идеи. На пример, акцептираната феминистичка теорија и критика, покрај извесните ограничувања, внесе нова свежина и можности, што кај нас се применува со сета првична неспретност и претерувања.

Маја ЧАНКУЛОВСКА